

# МЕД МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

# ИНФОРМАТОР #25

декември 2014

## Контроверзните хидроенергетски проекти „Бошков Мост“ и „Луково Поле“ одат пред Советот на Европа

Националниот парк „Маврово“ е еден од најстарите во Европа. Познат е по своите пространи букови шуми, алпски пасишта, девствени реки и потоци. Паркот е живеалиште на голем број значајни видови. Еден вид е сепак посебен – балканскиот рис (*Lynx lynx balcanicus*). Националниот парк Маврово е центар на преостанатата популација на критично загрозениот подвид на евроазискиот рис.

Сепак, во Паркот се планира изградба на повеќе од 15 мали и две поголеми хидроелектрични централи – ХЕЦ „Бошков Мост“ и ХЕЦ „Луково Поле“. Двата поголеми проекти чија реализација се проценува на вкупно 135 милиони евра се планираат на иницијатива на Владата на Република Македонија, а се финансиски поддржани од Светската банка и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР).

Имајќи го предвид очекуваното негативно влијание на хидроенергетските проекти врз природните вредности и биолошката разновидност, трите невладини организации вклучени во координација на кампањата „Синото срце на Европа“ во 2013 година, поднесоа жалба по основ на прекршување на неколку одредби од Бернската Конвенција до комитетот на Бернската Конвенција. На 2 декември, 2014 год. комитетот на Бернската Конвенција при Советот на Европа утврди дека жалбата е основана и го отвори случајот за Македонија врз основа на прекршени четири одредби од Бернската Конвенција.

Комитетот на Бернската Конвенција, покрај останатото, изрази особена загриженост во врска со очекуваните негативни ефекти од реализацијата на хидроенергетскиот проект „Бошков Мост“ врз популацијата на критично загрозениот балкански рис. Оттука, уште во првата половина од 2015 година, назначена е група на експерти која ќе направи проценка на негативното влијание на хидроенергетските проекти врз природните вредности во НП „Маврово“. По извршениот увид, до Министерството за животна средина и просторно планирање ќе бидат доставени препораки кои ќе бидат обврзувачки за Македонија. Имајќи предвид дека Република Македонија е потписничка на Бернската Конвенција, непочитување на препораките ќе биде проследено со дополнителни политички притисоци и мерки. Досегашните примери покажале дека вниманието на Советот на Европа за овие прашања придонесува кон драматични промени во плановите на владите во земјите каде е утврдено прекршување на одредбите од Конвенцијата. Се надеваме дека Македонија нема да биде исклучок.




Контакт: Даниела Јовановска
*jovanovska@mes.org.mk*

# Програма за закрепнување на балканскиот рис 3



## *Обука за Натура2000*

Во периодот 6-10 октомври 2014 година, беше одржана обука за јакнење на капацитетите на МЕД во процесот на основање на Натура2000 подрачја во Македонија.

Обуката се одржа во рамките на проектот „Програма за закрепнување на балканскиот рис", а предавачи беа претставници од организациите *ZaVita* и *Lutra,* двете од Словенија. Обуката се состоеше од практичен и теоретски дел. Теоретскиот дел беше одржан во канцеларијата на МЕД во Скопје каде беа презентирани општи информации за Натура2000, законодавството, значајни организациски информации за основање Натура2000 подрачја, како и основни податоци за управување со овие меѓународно значајни подрачја. Вториот дел од обуката се одржа на Белчишко Блато и се состоеше главно во практична примена на познавањата и подготовка на Стандардната форма за податоци (SDF) за подрачјето на Белчишко Блато.



## *Прв регионален состанок за заштита на балканскиот рис*



Во периодот 12-13 ноември 2014 година во Скопје, се одржа првиот регионален состанок за заштита на балканскиот рис во рамките на овој проект. На состанокот присуствуваа претставници од сите партнерски организации вклучени во реализација на проектот, и тоа, МЕД од Македонија, ППНЕА од Албанија, ЕРА и Финч од Косово, ЦИЗП од Црна Гора, Еуронатур од Германија и Кора од Швајцарија.

За време на состанокот, од страна на секоја партнерска организација беше даден краток преглед на реализираните активности во текот на 2014 година, а воедно беше направено и планирање и подготовка за активностите и настаните коишто треба да се реализираат до завршувањето на проектот идната година.

Balkan Lynx Recovery Programme BLRP

MAVA FONDATION POUR LA NATURE

МЕД MES

Контакт: Александар Стојанов
***stojanov@mes.org.mk***

# Пет мали проекти од Струга и Вевчани за природните вредности на Јабланица ќе бидат финансиски поддржани од Програмата за заштита на балканскиот рис!

На 10 и 11 декември во Вевчани се одржа состанок на жирито одговорно за селекција на проекти за едукација на локалното население и подигнување на јавната свест за правилно користење на природните ресурси на планината Јабланица, коишто треба да се спроведат во текот на 2015-та година.

Жирито беше составено од претставници на МЕД, Фондацијата ЕуроНатур од Германија, Здружението за заштита на животната средина од Албанија - ППНЕА, како и претставник од Постојаната работна група за регионален рурален развој - СВГ. Од вкупно 12 предлог проекти жирито ги одбра следните проекти:

1. „Формирање мрежа на еколошки здруженија во општините Струга и Вевчани" -Енхалон, Струга
2. „Зајакнување на капацитетите на Општина Вевчани за организирана, систематска и усогласена заштита на природните вредности на планината Јабланица" – Општина Вевчани
3. „Младите во движење" - Планинарско еколошко друштво Закамен, Струга
4. „Планината Јабланица - извор на природни ресурси" - ПЗУ Аптека Лекофарм
5. „За посреќно детство да ја чуваме нашата планина Јабланица" - Здружение Клуб Сороптимист, Струга

Инаку, проектот "Програма за закрепнување на балканскиот рис", МЕД заеднички го спроведува со ППНЕА-Албанија, КОРА-Швајцарија и ЕуроНатур-Германија, со финансиска поддршка од фондацијата МАВА-Швајцарија. Проектот започна во 2006 година и се спроведува во неколку фази. Главна цел на проектот е зачувување на автохтоната популација на балканскиот рис во Македонија и Албанија.

Во рамките на проектот, планината Јабланица со своите природни вредности е идентификувана како значајно прекугранично подрачје за заштита и е дел од Балканскиот зелен појас. Притоа, активно се работи на валоризација на природните вредности на планината, промовирање на одржливо искористување на природните ресурси и директно вклучување на локалното население во заштитата преку спроведување на програми за мали грантови. Во рамки на овој проект ќе бидат финансирани и неколку мали проекти за планинскиот масив Јабланица-Шебеник во Албанија.

***МЕД заедно со останатите членови на жири комисијата им честита на сите одбрани организации и им посакува успешно спроведување на проектите.***





Контакт: Ѓорѓе Иванов
ivanov@mes.org.mk

PRESPANET
a network of environmental NGOs for Prespa

## Иницијален состанок на комуникативното тело на ПреспаНет

На 17 ноември во Герман, Грција, беше одржан иницијален состанок за назначените претставници од МЕД, ППНЕА и СПП кои во иднина ќе бидат комуникативно тело на Преспа Нет. На состанокот беше дискутирано за следните чекори и активности на мрежата. Посебен акцент беше ставен на изработката на прекуграничната стратегија за заштита на Преспа која треба да биде готова во 2015 година. За време на средбата, беа посетени повеќе локации во грчкиот дел на Преспа, прошетка на островот Ахил, со цел подобро запознавање на овој дел од Преспа.

Согласно годишната програма за работа на ПреспаНет, на 19 декември беше реализирана уште една средба но овој пат, во албанскиот дел на Преспа. За време на посетата на повеќето села, беа остварени средби со повеќе чинители од регионот.

Средбите на членовите на ПреспаНет се од суштинско значење за интегрирано управување на Преспанското Езеро како важен дел од постојаната комуникација и координација, разменувањето искуства и идеи. Следната средба е планирана во јануари во Преспа, Македонија.



Контакт: Даниела Заец
*zaec@mes.org.mk*

## Завршени терени по проектот „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица"

Во рамките на предвидените активности по проектот беа реализирани вкупно 6 терени од страна на експертските тимови во периодот јули-октомври, 2014 година. На истите беа идентификувани главните закани по шумските и водните екосистеми на планината. По завршувањето на теренските активности следна активност е анализа на собраните материјали и подготовка на извештаи за еколошкиот статус на поголемите водни и блатни екосистеми како и проценка на искористувањето на шумите по водните текови. Како крајна цел на проектот е подготвување извештај за алтернативните начини за водоснабдување на планината како би се намалил негативниот притисок врз постоечките водни екосистеми.

Во октомври проектот беше презентиран пред локалното население на Општината Вевчани каде беа претставени неговите главни цели и активности.




Контакт: Ивана Лозановска
*lozanovska@mes.org.mk*

## Обука на УНЕП за мултилатерални договори за животната средина

Во периодот од 20 - 30 октомври, беше спроведена обука за мултилатерални договори за животната средина (Multilateral Environmental Agreements-MEAs) во градот Јоенсу, во Финска. Топ тема на единаесеттиот по ред настан од ваков тип беше **еколошка сигурност.** Финансиската поддршка беше обезбедена од Програмата на Обединетите Нации за животна средина (United Nation Environmental programme-UNEP) и Источно-финскиот Универзитет (University of Eastern Finland).

Учесници на обуката беа претставници од 20 земји, претставници на владиниот и невладиниот сектор, истражувачи и академци кои на било каков начин се вклучени во еколошките сектори на своите земји.

Целта на обуката беше подготовка на сегашни и идни преговори од областа на животната средина преку размена на искуства и примери од земјите учесници на обуката како би се подобрило спроведувањето на клучните договори. Обуката овозможува остварување на поголема соработка и олеснување на дијалог помеѓу развиените земји и оние во развој. Крајната цел на обуката беше подобрување на капацитетот во процесот на дијалози од областа на животната средина како и поуспешно спроведување еколошки политики во целиот свет.

Повеќе информации за спроведената обука може да најдете на: http://www.uef.fi/en/unep/home




Контакт: Ивана Лозановска
***lozanovska@mes.org.mk***

# Осоговски Планини - секогаш интерсни за делување...

## Прва идентификација на шуми со висока конзервациска вредност на Осогово





Одржувањето на работилницата за шумска сертификација во Кустендил, во јули, 2014 година, за зачувување, одржливо искористување и управување со шумите, наменета за претставниците на шумските стопанства од Осогово, резултираше со пројавен интерес за иницирање вакви активности во осоговскиот регион. Оттаму, МЕД и Шумското стопанство Кочани започнаа процес на идентификација на шуми со висока конзервациска вредност (ИШВКВ) во осоговскиот реон на шумското стопанство. Во процесот се вклучени експерти од Бугарија и експерт од Шумарскиот факултет од Скопје.

Првата работилница беше организирана на 6 и 7 ноември каде присуствуваа претставници од сите вклучени страни. Во текот на работата беа разгледани ИШВКВ критериумите и состојбата во осоговскиот дел на ШС Кочани. Во следниот период, ГИС експертите треба да ги адаптираат новоусвоените шумско-стопански планови за овој реон и согласно ИШВКВ критериумите да ги означат различните категории на шуми во овој дел. Овие податоци ќе им послужат на експертите за изработка на предлог финална карта и извештај за шуми со висока конзервациска вредност во осоговскиот дел на ШС Кочани. За време на краткиот терен, експертите идентификуваа и потенцијално строго заштитена зона на шума во фаза на старост, каде всушност е и воспоставената едукативна „Патека на клукајдрвчето“.

Контакт: Евгенија Јордановска
*jordanovska@mes.org.mk*

## Едукативни активности за вредности на букова шума - „Патека на клукајдрвчето“

Овој октомври Осогово го одбележаа различните едукативни активности за младите и третиот по ред настан под мотото ***„Осогово – и лично и различно“.***

Благодарение на малиот проект „Промовирање на вредностите на буковите шуми“, финансиран од програмата Натурегио Балканс, беа спроведени едукативни активности за букови шуми за деца во две основни училишта од Кочани „Малина Попиванова“ и „Св. Кирил и Методиј“. Во оваа активност беа вклучени повеќе од 200 деца на возраст од 13 години.

Неколку дена по одржаните предавања и едукативни игри во училиштата беше организиран промотивниот настан на Попиква, каде својата работа ја презентираа и локалните невладини организации и поединци занастчии. На збирното место, игралиштето на одморалиштето на МВР, се





сретнаа и двете групи велосипедисти од Кочани и Пробиштип, како и претставници на спортските друштва „Зелени патски“, „Електрика“ и „Поскок“. Дел од настанот беше и промоцијата на едукативната патека за вредностите на буковата шума – **„Патеката на клукајдрвчето“.** Знаменитостите на патеката заедно со вредностите на Осогово се прикажани на новопоставените информативни табли на почетокот на патеката. Децата заедно со подмладокот на Планинарското спортско друштво „Осогово“ имаа можност за прв пат да ја поминат патеката заедно со претставниците на МЕД и Првиот скопски извиднички одред. На настанот беа изложени и детски ликовни и литературни творби на тема „Старата бука“ мотивирани по одржаните предавања.

Naturegio Balkans | Alfred Toepfer Akademie für Naturschutz | DBU | Heidehof Stiftung

***За успешното реализирање на овие активности придонесоа и општините Кочани и Пробиштип и Шумското стопанство од Кочани, Ладна вода, пекарата Балкан лукс од Кочани и Осоговски млечни производи.***

# ИНФОРМАТОР # 25

## Поврзување на луѓето со природата – зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија во Македонија

Тимот на МЕД заедно со локалните партнерски организации организираше уште четири настани за промоција на природните вредности на неколку Значајни растителни подрачја, а на 12 декември имаше и заеднички состанок за размена на искуства и предизвици. Имајќи предвид дека зајакнувањето на граѓанските здруженија во голема мера зависи од способноста тие да активираат волонтери, особено беше значајно тоа што на овие настани беа ангажирани повеќе од 150 волонтери од различните подрачја.





На 3 октомври во с. Завој, еколошката организација „Грашница" ја организираше работилницата на тема „Зачувување на старите видови круши и јаболка преку калемење". Учесници беа искусни калемари од регионот на Илинска-Плакенска Планина кои воглавно ги делеа своите искуства за она што го работат со дивите овошни дрвца веќе години наназад. Калемарите од „Грашница " ги презентираа нивните техники и на терен.



На 9 октомври во Тетово, „Центарот за едукација и развој" од Теарце одржа јавен настан на кој беа презентирани резултатите од работата на пет училишта во регионот. Како дел од оваа организација, беа доделени и наградите за победниците на натпреварот за фотографија на ретки и репрезентативни растенија од Шар Планина. Наградите ги додели претставник на општина Тетово.

На 17 октомври во Демир Хисар, во организација на „Арт Поинт Гумно" од с. Слоештица, беше отворена патувачката изложба „Дивите билки од мојот крај". Изложбата се состои од детски цртежи, резултат на досегашната соработка со локалните училишта. По отворањето на изложбата во Демир Хисар таа отпатува во Младинскиот културен центар во Битола, а наскоро ќе биде поставена и во Теарце.







На 6 и 7 декември по покана на Планинарскиот клуб „Љуботен" претставници на МЕД одржаа предавање за значењето на природните реткости пред група планинари. Предавањето беше одржано во рамките на обуката за планинарски водичи, а во интерес на целите на проектот за проширување на мрежата на волонтери.

Контакт: Ксенија Путилин
***putilin@mes.org.mk***

***Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Plantlife***

# Орнитофестивал, Томиславград 2014

Третиот Орнитофестивал се одржа во периодот 21-23 ноември 2014 година, во Томиславград, Босна и Херцеговина. На фестивалот присуствуваа повеќе од 30 учесници од Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Црна Гора. Организатори на фестивалот беа здруженијата Наша баштина од Томиславград и Наше птице од Сараево, во соработка со ЕуроНатур (Германија) и Oxfam. Финансиер на настанот беше фондацијата МАВА, во рамките на проектот „Идентификација и промоција на Крашките полиња во Босна и Херцеговина како мочуришта од национално и меѓународно значење". Поддршка на фестивалот дадоа и Министерството за наука, просвета, култура и спорт на Ливањскиот кантон и Еко-селото Грабовица.

Темата на фестивалот беше „Миграцијата на птиците – потенцијал за развој на набљудување на птици на Крашките полиња во Босна и Херцеговина". Во текот на фестивалот се одржа работилница за потребата од заштита на птиците долж Јадранските преселни патишта, во рамките на активностите на проектот „ORNIBA: Заштита на птиците на Балканот" кој е заеднички проект на организациите за заштита на птици од Босна и Херцеговина и Црна Гора. Дел од учесниците одржаа предавања на различни теми поврзани со криволовот, туризам со набљудување птици и заштита на птиците. Од Македонија учествуваа Ана Арсовска и Бисера Влахова кои ја претставија работата на МЕД, особено делот насочен кон заштита и зачувување на птиците.

На орнитофестивалот се промовираа и природните и културни богатства на Босна и Херцеговина како поттик за развој на нови туристички програми во кои би се вметнал и дел за набљудување на птици.

Во овој период од годината над Крашките полиња може да се следи миграција на јата птици кои се селат од сите страни на Европа. За време на излетот кој што се одржа на последниот ден од фестивалот, учесниците имаа можност да забележат и јато сиви жерави (*Grus grus*).

Првиот фестивал на птиците е одржан во 2012 година во Какањ и Краљева Сутјеска, а вториот во Босанска Градишка. Во план е следниот фестивал да биде организиран на Козара.



**Otvoren 3. Ornito festival na Buškom jezeru**

1 min read • original

**3. Ornitofestival: Ljubitelji ptica iz BiH i regije obilaze Livanjsko polje i Buško jezero**

U periodu od 21. do 23.11.2014. na Buškom jezeru kod Tomislavgrada održat će se 3. Ornitofestival u Bosni i Hercegovini, kojem će biti prisutno više od 30 učesnika iz Bosne i Hercegovine, Crne Gore, Hrvatske i Makedonije.



Контакт: Ана Арсовска
*a.arsovska@mes.org.mk*

